## ПРИЛОГ XI

Во оваа фаза на апликацијата неможе да се даде конкретен оперативен план.

Врз основа на резултатите од извршените мерења на:

- емисиите на штетни материи во воздухот од точкасти познати емитери;
- амбиенталниот воздух;
- фугитивната емисија;
- бучавата и вибрациите;

и од елаборатот за оценка на влијанието на животната средина изработен од РИ.ОПУСПРОЕКТ-Скопје како и нашите досегашни согледувања и директни контакти со стручни лица од оваа проблематика, Макстил е во тек на превземање на активности за изготвување на оперативен план. Во планот ќе бидат предвидени: најдобрите достапни техники, времето потребно за реализација и финансиската контрукција.

Како приоритетни активности во оперативниот план Макстил ги предвидува:

1. Прифаќањето на фугитивните емисии во воздухот што се создаваат во технолошкиот процес во погон Челичарница;
2. Изнаоѓање решение за рециклирање на филтерската прашина, а меѓувремено нејзино депонирање на безбедно место.
3. Изнаоѓање соодветни решенија за доведување на водите што се испуштаат во колектор со дозволениот квалитет.
4. Со воведување на ISO 14001 (кој е во постапка на финализирање) во прв ред ќе се зголеми контролата за спречување на загадувањето на работната и животната средина и зголемување на одговорноста на ракувачите со инсталациите.
5. Рециклирање на троската.
6. Изнаоѓање на најсоодветни решенија на отпадното масло, отпадната амбалажа, искористените филтри и сл.